СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-2379/3
07.04.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работа на Втората Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на 07.04.2022 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Втората Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 18 советници.
Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува.
Записникот од 9-та седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 31.03.2022 година, ќе ви биде доставен со материјалот за редовната 10-та Седница.
Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста и причините за свикување на вонредната седница.
Причина за свикување на оваа вонредна седница е давање согласност на Одлука за одредување на надоместокот за користење на пазаришен простор и други погодности на Градски Зелен Пазар,донесен од Управен Одбор на ЈП Комуналец Кавадарци кој стопанисува со пазарот, и втората точка се однесува на одредување на паркинг зона во рамките на Градски Зелен Пазар со кој стопанисува ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, со цел отпочнување на работа на новиот Градски Зелен Пазар, кој ќе биде пуштен во употреба утре, односно на ден 08.04.2022 година.
Врз основа на ова Ве повикувам да гласаме за оправданоста за причините за свикување на Втората Вонредна седница. Кој е за.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани ние како советничка група сметаме дека основано за свикување на Вонредна седница за овие две точки кои се однесуваат на отварање на Градскиот Пазар нема основа, затоа што сметаме дека оваа работа е предвидлива, ова се работи кои што се планираат и можеше да се ставаат во претходната седница се со цел да се дискутира со засегнатите страни, да се

постигнат посоодветни решенија за луѓето кои што се засегнати со оваа проблематика. Затоа нашата советничка група ќе гласа против основаноста за свикување на оваа Втора Вонредна седница.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, почитувани советници, медиуми и останати. Сакам да се надоврзам кон претходниот колега . Ние како советничка група од Претседателот треба да бидеме известени до закажување на седницата и таа треба да е 24 часа пред да биде седницата и да е за еден час . Како советничка група не сме повикани, ни е даден само материјал , го разгледавме материјалот и не гледаме некоја потреба од вонредна седница, не можам да најдам ништо што не врзува за вонредна седница, тековни, елементарни и ситни работи.Пазарот ставате цени од денеска за утре, ми требат 7,8 дена, да ги исконтактирам малце граѓаните, пазарџиите и ние како советничка група да дејствуваме или да кажеме некој збор. Вака сме ставени во подредена улога и исто и јас сум против.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ : И јас како останатите советници од опозицијата се согласувам дека немаше никаква потреба од итното свикување на оваа седница .Мислам поентата на итното свикување на оваа седница е избрзано за отварање на пазарот, како што би можеле нели тоа вмровското, пијарското да се постигне и мислам дека беше без поентното да се свикува истата. Имало многу поитни ситуации каде што би можело да се свика, не се свикувало, така да ова е само недостаток на планирање и пијаровски едноставно избрзани дејствија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор.Бидејќи никој не бара збор, ќе гласаме за оправданоста за причините за свикување на Втората Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци. Кој е за. 9. Кој е против.8. Воздржан. 1.

Констатирам дека е донесена Одлука за оправданоста за свикување на Втората Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решение за свикување на денешната седница имате добиено Предлог на Дневен ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр. 02-587/3 за одредување на надоместокот за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран на ул.„ЗеленПазар„ во Кавадарци, донесена од Управен одбор наЈ П„Комуналец„ Кавадарци на седница одржана на ден 05.04.2022 година;
2. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Согласно член 40 став 3 од Законот за Локална самоуправа за вонредна седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме на гласање на предложениот дневен ред.

Кој е за.9 за. Кој е против.8.

Преминуваме на разгледување на првата точка од дневниот ред.

1.Предлог-Одлука за давање согланост на Одлука со арх.бр.02-587/3 за одредување на надоместокот за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран на ул.„ЗеленПазар„ во Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци на седница одржана на ден 05.04.2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани граѓани, почитувани медиуми. Кога се отвара ваков објект се вика Арлија нека е, Кавадарчани да го користат со здравје и среќа . Нас не интересира точката на Дневен ред одредување на цената, значи на тезгите. Во тој контекст ме интересира по која Методологија и по кој критериум е одредена и предложена цената. Претходно цената беше 1800 денари за закуп на тезга, со 800 денари во долниот дел на пазарот, сега овие две цени, тоа 2000 денари значи без фрижидер и 3000 денари со фрижидер тезга не спомнаа дека се подобрени условите за продавачите и купувачите, меѓутоа ме интересира значи одредувањето на цената кој критериуми важат при утврдувањето на вака предложената цена. Дали директните трошоци прашање ми е заедно со каматите за кредитот ќе бидат зголемени во однос на трошоците од претходното работење на пазарот и значи ме интересира економското и социјалното право за зголемување на цените за закуп на тезгите. Доколку има некој од службите значи го повикувам да ми го образложе ова прашање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи вака. Имавме координација од пред самата седница, имавме Комисија на која беше присутен Директорот на ЈП Комуналец на која беше спомнато дека годишна месечна претплата беше 1700 за 1,7 м2 тезга. Тезгите сега се со 2м2, причина 2000 денари скромно покачување, во споредба со претходно, на месечна основа. Тоа е причината зошто е тоа минимално поскапување, бидејќи услугите сега на нова тезга, во споредба со претходно не можат да се спорат,бидејќи пазарот сега како што е направен и како што е замислен, има посебно оделување на дел од пазарот за овошје, посебен дел за зеленчук, посебно одвоено место за сирење, за јајца, добар предлог од советникот Перо Николов беше дел од пазарот за органска храна да биде на Комисијата како предлог беше сспомнат.Причините и цените беа лиферувани од страна на Директорот во таков правец, бидејќи ова покачување не е покачување, што е егзактно и што е многу различно во споредба со цената што ја плаќале нашите тезгации пред пазарот, односно предходно колку коштало и како коштало, од причина што тогаш тезгата била 1,7м2. Сега сите се направени по 2 м2. Тоа беше едниот одговор. Во однос на самите цени ние во начинот на

функционирање на самиот пазар од негова страна беше спомнато дека тековно ќе се разгледува начинот на функционирање на самиот пазар. Почетно е замислено да биде поделено на текстилот да биде одвоен од самиот пазар, на принцип да сега за сега идејно го направиме на посебен дел да биде за овошје, за зеленчук и за сирење, за јајца, за такво нешто. Во однос на вториот дел, во однос на самата цена. Значи цената не е нешто драстично поскапа од претходно и во однос на начинот на функционирање на пазарот, он ќе биде функционален од седумте работни дена 6 работни дена, освен понеделник, тоа е според Законот на пазар каде ќе се изврше чистење на самата површина каде што се наоѓа пазарот . Пазарот ќе биде отворен 6 работни дена во текот на работната недела, со работно време од 6-16 часот . Од 7-19 се извинувам.Од 7 до 19 . Тоа ни беше лиферувано од Директорот на ЈП Комуналец.
Дали некој друг бара збор.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, почитувани медиуми, граѓани, аминистрација. Значи јас сметам дека овој ден за оваа седница е многу значаен, бидејќи после 30 години конечно имаме пазар, инвестиција, која во вредност од 102 000 000 денари, каде што има плато 2100 м2, каде по платото на пазарот ќе има две подземни нивоа, паркинг нивоа, под пазарот исто нова улица Зелен пазар, мислам конечно градот, еден зборуван проект што се зборува наназад 30 години конечно го реализира. Мислам оваа седница не само што требаше да се одржи, дали е во редовна или не, мислам дека како се завршуват работите, односно нели од изведувачите така и итноста да се донесат одлуките и изведувачите на тезгите да дојдат побрзо, односно на новиот пазар во подобри услови. Во врска со цените мислам дека цените од претходно не се разликуваат, бидејќи претходно имаше цена за тезга каде што е 1,8м2 беше 170 денари или 1700 денари месечно, а сега за 2м2 тезга е 2000 м. 200 денари дневна карта и сметам дека тие цени во однос на површините и во однос на новите услови, кадешто новиот пазар нели ќе биде со камери, со обезбедување нови услови и покриен пазар . Мислам дека цените се приближно исти односно се рзаликуваат за неколку денари и сметам дека ови одлука за цени на пазар и нели утрешниот ден каде што ќе биде и отварањето на пазарот треба да го поздравиме и конечно да продолжиме и во иднина да има вакви големи проекти и Кавадарци не само што ќе се говорат туку конечно ќе биде и нивна реализација.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани медиуми, почитувани граѓани, почитувани колеги, почитуван Претседател на Совет. Пазарот е навистина значаен објект за Кавадарци, долгоочекуван, мислам дека и прв капитален објект, кој е финансиран само од општество, пари од Општина Кавадарц, финансиски средства обезбедени со кредит, но да се надеваме дека во идниот период тој кредит редовно ќе се враќа и нема да ни прави проблеми, ниту на редовното

работење на ЈП, ниту на редовното работење на Општина Кавадарци. Заради тоа ние како советници треба да имаме детални информации околу самата финансиска конструкција на идниот период Во делот на тоа овие цени значи што сега ќе ги донесиме, кои ни се на Дневен ред ни треба дополнителни информации, значи колку тезги се планирани,колку има заинтересираност од граѓаните за користење на тезгите на пазарот, колку биле претходниот број на тезги, колку е сега бројот на тезги и колкави ќе бидат трошоците на овој пазар во идниот период, значи со колкаво учество во покривањето на редовните трошоци на пазарот ќе учествуваат приходите кои ќе ги заработе ЈП Комуналец со издавање на тезгите . Навистина моментот е голем и значаен и за градот и за Општината и за граѓаните, но ние како советници мораме и Општината малку поодговорно да пристапиме кон отварањето на овој значаен проект, мора да ги имаме сите тие податоци и да направиме една добра анализа, во ред е, може да се корегираат цените и после тоа, но зошто ја избегнуваме анализата пред седница. Навистина може да, се зависело од тоа како ќе заврши градбата, но 2 недели ние претходно имавме седница, значи 3,4 недели пред овој период можеше да се дефинира цената, ништо не беше битно нешто значајно што се случи во последните 10, 15 дена, некои дополнителни информации не беа потребни да ги добие службата за да може да ја дефинира цената, само бевме ставени во тесно како советници сега да гласаме за нешто што не ни е и нас сосема јасно дали треба така или не, може навистина цената и не е голема разлика во однос на претходната цена. Ги земав во предвид условите што ќе ги добијат сега корисниците на тезги , но мислам дека требаше малку поинаку седница да имаме за отварањето на пазарот, за дефинирање на цените, немаше потреба од вакво брзање навистина.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ : Почитуван Претседател, колеги, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Капитален проект е пазарот на Општина Кавадарци, треба што час поскоро да се отворе, дури јас мислам дека касне, не заради друго, туку заради граѓаните со сегашната локација на пазарот каде што сега беше беа приморани да плаќаат високи сметки за такси и за други работи и сметам дека со ова на граѓаните ќе им се приближиме поблиску, односно ќе им овозможиме што поскоро да стигнат до пазарот, особено сега во овие топли денови, кои што ни престојуваат и во летниот период кој што треба да иде, да не плаќаат сметки за такси поголеми како што биле до сега и сметам дека капиталните објекти кои што се створаат, мислам дека цената на утврдување на сумата на тезгите не е нешто што може да биде причина за неотварање на пазарот. Мене ми е жал што вие како советничка група, не присуствувавте на Комисијата, а бевте сите уредно повикани, имате и член таму на комисијата каде што беше лиферувано од страна на Директорот на ЈП по кој основ се формирани цените, колку тезги имаат, какви тезги има, кои услови се створаат, така да во иднина ве замолувам доколку

сметате дека вакви капитални објекти и други следни капитални објекти кои што на комисии се разгледуваат поарно да присуствувате, немој тука сега да си кажуваме ние немаме увид, немаме незнам што. Значи на тие комисии, за тоа и се формирани комисиите, да се разговара, да се види до каде што и како е направено. Јас дадов еден предлог на тој пазар да се одвоат неколку тезги, да бидат тезги кои што се органски производители, кои што органски производители со сертификати ќе докажат дека се навистина органски производители да можат граѓаните на Општина Кавадарци да купуваат такви производи и да не бидат манипулирани дека се органски или неоргански. Сметам дека овој проект, овој капитален објект треба што час поскоро да го отвориме и да им овозможиме на граѓаните пристојно да пазаруваат како наши граѓани.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Реплика.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Од место.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Колега мене ми е жал што не ја сфативте нашата поента. Значи ние ќе бевме среќни пред месец, два да се отвореше пазарот. Значи ние не сме против отварање на пазарот, ние сме против начинот на донесување на цените. Кажете една причина што сме чекале овие 10 дена.Зошто оваа точка не беше на Дневен ред претходната седница. Што беше толку очекувано, неизвесно што ќе се случи да цената е формирана сега, а не пред две недели. Тоа е причината.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Се извинувам само.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Уште една реплика.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ :Сметам дека отварањето е закаснато заради градежните оперативи, значи дали ќе се изготват, дали ќе се направат тезгите, дали ќе се покрие навреме пазарот. Значи тоа се градежни оперативи кои што ние не можиме да ги предвидиме дека ќе бидат баш во среда.Се дешаавaат значи еден куп работи.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Нас многу не загрижуваат овие нешта. Прво бројот на тезгите, капацитетот ние како, јас како советник и Левица како локален огранок овде во Кавадарци размислувајќи кога веќе ќе има нов пазар, дека ќе има и значајно зголемување на бројот на тезги . Од друга страна зголемувањето какво и да е и 100 денари да е и 200 да е, во услови кога имаме страшна економска криза и кога има, кога земјоделците се навистина во една неблагодарна положба, каде што нивниот труд не е доволно вреднуван, ние мислиме дека ќе го почувствуваат тоа на своја кожа поскапување и веќе имаше неколку реакции до нашиот огранок во однос на тоа кој и како ќе ги користи тезгите кои што се средени со ХАСАП услови.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Во врска со колегите од СДСМ сакам да им предочам дека навистина не е причината зголемувањето или како е

формирањето на цената. Цената на тезгите на пазарот се формираат според Методологија и Правилник на ЈП Комуналец.Покачувањето што се однесува од претходната цена на тезгите на пазарот е толку минимално и стварно е безпредметно да се зборува за тоа зошто ние не сме имале увид во тоа покачување, а реално ако направивме како треба да биде покачувањето и колку треба да изнесува една тезга од 2м2 многу повеќе ќе беше тоа покачување, а минималното покачување се однесува само што секојдневно ќе има таму чуварска служба што ќе работи 24 часа, ќе бидат обезбедени тезгите, ќе има секојдневно чистење на пазарот, вработени плус дополнително и електричната енергија што е во услови на кога во работењето при вакви услови е покачена. Сметам дека беспредметно е да се зборува за цената на тезгите на пазарот, како требало да ја формирмираме , се формира според услови и Правилници за ЈП Комуналец.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Потребата од изградба на оваков објект беше голема и за граѓаните и за оние кои што ги продаваат своите производи на Градскиот Пазар, меѓутоа тука јас ќе се сложам со претходниот, со колегата од Левица. Има одредени пропусти кои што сметам дека се важни да се напоменат. Тоа е во делот на капацитетноста на пазарот. Значи претходно сме имале пазар, кој што имал 350-400 тезги, сега тој капацитет е за двојно намален и се планираат отприлика околу 160 тезги. Значи ако одиме и правиме одреден капитален проект кој што треба да го користиме долг временски период, треба да работиме на зголемување на капацитетот, да може што е можно што повеќе граѓани кои што одгледуваат земјоделски производи, кои што продаваат земјоделски производи да им обезбедиме на сите место каде што истиот произвоод ќе го продаваат едноставно. Втората работа која што сметам дека е исто така важно да се напомене е делот на, ние имаме пазар еден спрат пазар и два ката катна гаража . Дали ние правиме Градски Пазар или правиме скапо платена катна гаража за која што земаме скоро 2 000 000 евра кредит. Исто и тоа сметам дека е несоодветно. Мислам дека ако више правиме пазар првично главниот простор треба да биде за обезбедување на што е можно повеќе, на што е можно повеќе тезги и третиот момент кој што го добивам како информација од страна на граѓаните е несоодветна висина во делот на влегување со комбиња и со одредени други превозни средства кои што доставуваат роба, за кои што е планирано товари внатре во пазарот, меѓутоа висината е несоодветна и има одреден проблем во делот на влегувањето на тие возила. Мислам дека овие работи се сериозен проблем кога станува збор за капитален проект за кој што Општината зема кредит, го финансира од кредит и кој што треба да го користиме во наредни 40 години.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште во однос на начинот и во однос на капацитеноста на пазарот. Ние бевме сведоци дека пазарот со преходниот изглед и претходниот начин на функционирање искористеноста беше некаде 30-40%. Пред се зборувам на тезги. Опцијата ако одиме на меганоманство и дека има многу тезги, ни седат празни и нема изложувачи на роба, исто така е голем проблем. Факт е дека по однос на бројка и по однос на капацитет, мислам дека не треба да се оде на квантитет, дека да има многу, за да биде празно.Начинот на кој сега се поставени тезгите во текот на утрешниот ден сите можеме да бидеме сведоци како тоа изгледа. Сметам дека е прекрасно направено, пред се во однос на, иако се намалени на бројката, дај боже да бидат функционални и да бидат полни . Факт е дека во последната декада се отворија низ градот доста пиљари кои што си го заземаа своето место во пазарувањето на нашите сограѓани, меѓутоа за да се врате духот на пазарот сметам дека начинот на поставеноста на пазарот , пред се во однос на оделеност на одредени тезги и начинот на хигиена, на осветлување, начинот на пред се 6 дена пазар. Тоа до сега не сме го имале. Тоа е еден куриозитет и е за пофалба, бидејќи ние до сега имаме пазар 3 пати во неделата, сега имаме 6 дена пазар. Значи граѓаните може да си бират дали сакат да одат на пазар или сакат да си одат во пиљара. Една е цената на пазарот, една е цената во пиљарите. Од тој аспект треба да бидеме свесни дека стцараме конкуренција, а таа конкуренција ќе се одразе на куповната моќ на Кавадарчанецот, бидејќи знаеме колку е цената во пињарата, знаеме колку ќе биде цената на пазарот. Ова е сето е во интерес на граѓаните и мое гледиште како што бевме сложни,,ние не бевме овој Совет.Претходниот Претседател на Советот и претходните советници кога едногласно беше одобрен кредитот за изградба на Зелен Пазар. Сметам дека не мора, нема потреба да се фрле, јас знам дека има политика во сето, меѓутоа една анатема на еден таков објект, што се слагам дека е капитален и во вакво време изграден од парите на граѓаните е стварно за поздравување, меѓутоа тие се многу ретки капитални објекти и факт е дека во Советот во еден мандат еден и тија дали ќе се изграде. Јас сметам дека треба да го поздравиме начинот на целата изградба, а во однос на функционалноста и во однос на начинот на неговата работа во текот на наредниот период бидејќи ни директно со нашата работа индиректно го моделираме пазарот преку ЈП Комуналец, имаме мегдан и во односот на начинот на функционирањето пред се внатре да си даваме свои сугестии, така да сметам дека самиот начин на различни гледишта е во право и тоа е демократски.Во однос на дали граѓаните ќе имат корист, мое гледиште е дека да точно, бидејќи Кавдарчаните ќе имат можност да му се зголеме конкуренцијата и да ја видат цената колку е во пиљарата, колку ќе биде на Зелениот пазар и втора работа од 7 дена, 6 дена ќе има пазар. Тоа сметам дека е за поздравување и како еве урбан голем град каде

што еве да речиме во Скопје како метропола наша македонска, кај што знаеме дека Зелено Пазарче, Буњаковец работат секојдневно, катадневно, така да и нашиот пазар ќе биде отворен и сметам дека таа конкуренција ќе се одразе на квалитетот на живеење и квалитетот на примања на Кавадарчанецот. Секој може според неговиот џеб да си купе од таму каде што сака.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани само сакам да се обратам една работа ја заборавме сите, сега точно е дека капацитетот на тезгите е намален, но сега за разлика од претходно што имавме еден стар пазар, сега имаме два нови пазари. Исто време како што ќе работи новиот пазар, ќе работи и пазарот што се изгради во новиот центар, односно тој пазар ќе биде за нели жителите што живеат во таа урбана заедница, односно што гравитираат околу таа урбана заедница и исто во центарот, односно на сите да му биде најблиску, како центар територија. Значи собрани тезгите и од претходниот пазар сега што беше и тој нов што функционираше една година и овој капацитетот е поголем, не помал, а да за стариот пазар се намалени тезгите за разлика од тоа што се урбанизира тој дел на градот, нова улица, нови тротоари, но собрани двата пазари имат поголем капацитет од претходниот. Значи во тоа може да се уверите сами и со бројки и со тезги и со се. Тоа ми беше зборот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Значи од 420 како што кажа советникот Вуко Мелов 90 слободни места биле за истурен пазар, а 330 тезги биле со различна големина. Сегашниот пазар ќе има 152 тезги од кои 12 боксови ќе бидат за бостан, 8 тезги ќе бидат за раноградинарство, 14 тезги ќе бидат за јајца, 5 тезги ќе бидат за риби, 10 сталажи ќе бидат во внатрешниот дел и во внатрешниот тоа што е панел, кај што внатре може да си изложуваат плус нашите граѓани што ќе партиципират на пазарот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Го следев говорот, теоретски е така, али практичниот дел, ако го знаеме составот на луѓето што се на пазарот, јас ги познавам, значи пред 20 години тие луѓе што одеа пазар беа по 25 години, сега се по 45 и ниту еден во следниве 20 години не се уклучи во таа работа, јас сум во комуникација, дел од тие ми се многу блиски и разговараме практично. Значи големите дисконти и пиљарите нив ги умртвија и ова се последните луѓе што одат на пазар. И сега кога еден пазар и јас сум бил за пазарот и уште сум за пазарот што е некој добар објект на градот и не е спорно ако некоја советничка група не да дава подршка, тоа е повеќе од јасно дека сите го сакаат, а и од нас како советници во време на криза, кога енергенсите се скапи, многу е скап животот џентламенски е ние оваа година до крајот да ја истуркаме со тие цени, нема Комуналец да добие ништо пари. Имаме централи што дават големи пари.Е сега е друго во питање. Значи овој фактор што Комуналец после 3 месеци пикал уште 15 луѓе на работа, треба да им обезбеди плата и од некаде пари треба да

обезбедат и на едните и на другите не им одговара, ама ние третите можеме да го проговориме тоа на говорница. Како доаѓаш на власт, пикаш луѓе и мораш да најдиш плата за нив. Тука да сме начисто да им кажеме на граѓаните дека ВМРО направило по 10 фамилии од ВМРО задоволство и 1000 фамилии од ВМРО страдаат што плаќаат давачки . Вагата на пример партиските раководства нека видат кај тежи. Дали е добро или не е добро . Не може некој да негира дека ние до Нова година не можеме да ги задржиме старите цени, да влезат луѓето на пазар со апетит за убаво кога отвараме нов пазар, па по Нова Година можеме некој денар да ја дигниме 200 денари, 300 од тезга , дали не е џентламенски, дали не е добро.Нема да останат овие вашите партички војници без плата, ќе најдиме пари .

СОВЕТНИЧА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА :Со покачување на цената колега се однесува само во зголемувањето на просторот на тезгата, тезгата претходно. Тоа е тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани ајде ќе ве молам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА :Колега ќе те прашам колку лично ти вработи во Комуналец од твојот мандат досега, што не е тема на разговор и не сакам да правиме вакви муабети тука на Совет, што не се однесува точката за вработување во Комуналец.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке вработи си и јас вработив и вие вработувате и правиме грешка. Ама немојте вие да ја повторувате мојата грешка.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ :Почитуван Претседател на Совет, почитувани медиуми, служби, почитувани граѓани внимателно ги следев сите говорници пред мене и дојдов до заклучок дека во 21 век како град кој што после 40 години правиме, т.е. отвараме нов пазар, да разговараме за вакви работи едноставно се чудам. Значи овој ден денеска и донесувањето на оваа одлука денеска значи треба да биде празник за Кавадарци, затоа што после 40 години добиваме нов пазар, модерен пазар кој што има многу добри услови и за летен период и за зимски период, едноставно тие луѓе коишто ќе го користат пазарот едноставно ќе бидат заштитени. Во однос на цената ако го земиме фактот дека претходно за 3 пати во неделата се плаќа 1700 денара на месечна основа, а сега за 6 пати на користење на пазарот во текот на неделата за 2000 денара месечно можеме да заклучиме дека цената едноставно, скоро дупло е намалена за разлика од претходно, ако го земиме тој факт.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега сме правеле анализа. Значи слушај ме убаво. Праксата покажала дека тие луѓе што одат на пазар во Кавадарци, истите идат и во Неготино и зборувам со пазарџиите. Тоа се умни луѓе и ги викат Абе Ристо ние не сме будали што можиме во 3 дена да земиме пари , да земиме во 6, 6 дена да идиме на работа. Тие пари луѓето знаат дека 3 дена е пазар, ги даваат, си купуваат за цела недела, ниту пак некој сака 6 пати да иде на пазар, за два дена

купува, ама истите ние одиме во Неготино, во Градско и нашата програма е таква, не можиш да го убедиш да седе од сабајле до навечер на тезга, тебе кога ќе ти текне да си купиш, ти си знаиш од 10 до 12 е пазарот, купувај и си оди и тие се разумни луѓе, школовани и таму има луѓе со факултет, али судбината е да работи на пазар и сега ти него ќе го убедиш 6 дена има пазар, 6 пати да праве трошок да иде, да троше гориво кога може у 3 дена истите пари да си ги земе, па уште наредни 3 дена оде во Неготино и таму зима пари, нему да мислиш дека 6 дена си доаѓа на пазар истиот човек . Истите луѓе, истите луѓе се на пазар.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ:Една кратка реплика само до колегата. Значи колега јас ова повеќе го гледам како една политичка реторика за чарење на ситни политички поени отколку на конструктивен разговор во делот на донесувањето на оваа одлука.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Се слагам колега ама Советот е политичко тело, не е друго нешто. Каква одлука носите вие. Политичка одлука.Политичко тело сме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа значи што и да дискутираме тука мора да се изгласа, воа е празник, зошто пак мора јас не гледам причина. Втора работа сме разговарале за политика, па секоја работа што има врска со јавен интерес и со интерес на граѓани е политика, не е ништо друго. Тоа кој, како, поентирал, тоа си гледат граѓаните, еве има медиуми, си гледат граѓаните и тоа е тоа, на крај они си носат заклучок, дали некој поентирал или не поентирал. Јас забелешките коишто ги изнесив мислам дека се реални. Во делот на тезгите и сами кажате дека истите се намалени, забелешката која што ја даде Ристе исто така е забелешка која што треба да ја земиме во предвид. Дали вие би имале функционален пазар 6 дена во неделата . И тоа е прашање на кое што треба да размислуваме. Зошто. Третиот момент кој што никој не го спомнува е во делот на висината на просторот за паркинг. Еве го комбето , не може да влезе и ова е проблем и ова е проблем, сме давале еден куп пари. Ова е проблем, ова се се проблеми кои што ги имаме тука. Ние не сме против пазарот. Меѓутоа кога градиме капитален објект, треба да го направиме онака како што треба за да го користиме долг период.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи пак ете истото пијарското, надоместуваме за тоа на тоа што ги кратиме бројот на тезгите со тоа што 6 дена во неделата е пазар. Па не е така значи водењето на пазар е нели ствар на културата. Треба да поминат години за да се среди тоа. Јас гледам дека на 8 мај 2018 година Општина Кавадарци донела одлука дека 6 дена во неделата пазарот ќе работи. Значи не сте промениле ништо во однос на тоа. Дали од 2018 година наваму било 6 дена во неделата пазар. Не. Значи треба да поминат години за да се смени тоа, плус свесни сме дека трговцит се малку на број, тие се истите, како што кажа и советникот, што одат и во другите околни општини за нели грош повеќе. Мислам

дека има многу, премногу има недостатоци кои што ги донесивте со ова, само се задолжи Општината, еве како Заклучок се задолжи Општината, има страшни нефункционалности и функционални проблеми во пазарот, цената на тезгите е зголемена, значи удираме по самарот, кога не можеме по коњот, не знаеме кој ќе ги користи, немаме направено Правилник веројатно за тезгите кои што се опремени со ХАСАП услови. Така да еве и утре ќе одите сите, ќе се сликате таму, ќе направите еве ние што направивме оваа година капитална инвестиција само сте им направиле проблем на пазарџиите и истото ете со тоа вие викате дека и на другиот пазар ќе продолжи нели да се работи и тоа е културна ствар. Значи треба години да поминат за нешто такво да се среди. И капацитетот и куповната моќ на Кавадарчанецот ја знаеме. Има огромен број на проблеми. Ајде да не биде само критика, предлагам да продолжиме со пронаоѓањето на нови начини како да ги подобриме условите за пазарџиите, значи не за големите олигарси, кои што сега ќе земат да продаваат таму во ХАСАП тезгите.Значи мора да продолжиме да бараме решение, не завршува тоа со тоа што утре ќе одите да се сликате таму и ќе го отворите пазарот официјално. Намалете малку со пијарот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Минатиот Совет го изгласа пазарот едногласно. Кредитот се одобри. Еве нас добра забелешка, нас ќе ни биде овие 4 години да го моделираме сето тоа. Секоја критика добронамерна е оправдана. Почитувани советници бидејќи е исцрпен претресот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за . 8 за. Кој е против. 6 против. 2-ца воздржани.
Одиме кон втората точка на Дневен ред.

2 Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци.
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Стварно за пофалба е капиталната инвестиција, меѓутоа ќе се надоврзам до моите колеги советници. Работата е предохитрена, избрзана. Кажаме пазарот ќе работе 6 работни дена така, од вторник до недела, а одлуката за Паркинзи, колку што ја видов недела е free parking . Значи ова ќе оде за доброто на граѓаните или е настаната некоја забуна во брзањето зада се истакнат цените за да се спрема регулативата за отварањето на пазарот .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко.Беше тука директорот на ЈП Паркинг на Комисијата, недела ќе биде како во сите зони и во оваа зона нема да се плаќа и добивка е сите вработени во јавните институции што гравитираат околу пазарот, кои гравитираат кон Б зоната на пазарот, значи ќе имаат вработените во администрацијата повластена цена месечна карта 450 денари, значи беше 900 денари месечно, значи зборуваме за вработените во Водостопанство Тиквеш, во Пошта, луѓето што, вработените по јавните институции

што гравитираат таму, значи на работа може да си дојдат, да си ја остават колата по 450 денара месечна карта. Тоа ни беше кажано од директорот на ПАРКИНГ. Една олеснителна околност за вработените таму. Второ ни беше спомнато дека лицата што се на првиот ред, жителите од долната страна на улицата Зелен Пазар ќе можат да си купат повластена месечна карта како и сите станари што се во станбените објекти, па бидејќи они немат паркиг тоа ќе биде двонасочна улица. Тоа ни беше спомнато, а инаку тој паркинг на две нивоа ќе важи истите закони како и секаде, до 22 часот, од 22 часот натаки не се наплаќа и недела ќе биде ден каде што не се наплатува.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ :Само едно прашање имам јас. Дали луѓето кои што ќе ги изложуваат своите земјоделски производи на пазарот ќе плаќаат цена за паркинг иста како и граѓаните кои што ќе доаѓаат да купуваат, со оглед на тоа дека има некои цел ден би се задржале на пазарот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да добро прашање.Искрено на тоа прашање можам да ти одговорам. Не знам само директорот. Повели ако знаеш.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ :Се извинувам. На Комисијата беше директорот на Паркинг кажа дека сите пазарџии, како и досега ќе имаат повластена цена да ги паркираат своите возила во Анот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Во Анот. Тоа е од другата страна

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ Како и досега .Значи ќе си ја растовара робата и ќе си го паркира возилото таму по повластена цена.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Јас сметам дека во случајот од 6 работни дена ќе се фаворизират само недела како ден за пазарџиите заради бесплатниот паркинг. Ќе дојде до злоупотреба на денот, а веќе 6 дена се праве.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро. Дали друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. 9 за . 7 воздржани.

Почитувани со тоа ја затворам Втората Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов